**Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Ивана Цугоманова, Главен советник во Оддел за Европска унија и меѓународна соработка |
| **Период на известување** | 01.01.2023-20.11.2023 година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 20.11.2023 година |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Дата,** 24.11.2023

**Име и презиме**
**Министер за внатрешни работи**
**Оливер Спасовски**

**Потпис**

(Одговорно лице во органот на државна управа)

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

______________________

**Име Презиме** (раководител на Сектор за еднакви можности)

**Потпис**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

**2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**

А) Позитивни

- ✓ Б) Охрабрувачки
- ✓ В) Програмски

**2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

- ✓ Подигање на родовата свест во МВР преку континуирана менторска програма за подигање на родовата еднаквост со поддршка на ОБСЕ;
- ✓ Обезбедување на еднакви можности на жените и мажите во стручно усовршување преку водење на родово-разделени статистички податоци за претставници од МВР на стручни усовршувања од областа на превенција од родово базирано насилство и родова еднаквост;
- ✓ По донесената Родово буџетска изјава за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, формирани се мобилни тимови согласно приоритетите на Стратегијата за трговија на луѓе кои одржуваат редовни состаноци, теренски посети, контакти, упатувања и помош на ранливи категории, заради поефикасна навремена идентификација на жртви /и потенцијални жртви на ТЛ. На територијата на РС Македонија формирани се пет мобилни тимови : Тетово, Скопје, Куманово, Битола и Гевгелија. Во однос на тоа, Националната комисија за борба против трговија со луѓе во континуитет презема активности за подобрување на идентификацијата на жртвите од ТЛ, како и обезбедување нивна помош и заштита, при што истата донесе одлука за воспоставување на уште три мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучувајќи ги и жртвите на трговија со луѓе на подрачје на Охрид, Струга и Штип, кои сеуште се во процедура на назначување на нивни членови;
- ✓ Во насока на спроведување на активноста, изработена и промовирана е Брошура „Дали си жртва на трговија со луѓе? Препознај ги знаците„ на македонски, ромски, албански и англиски јазик (https://lastrada.org.mk), со цел информирање за достапните услуги и права кои може да се остварат на територијата на РС Македонија. (ова е во рамки на МТСП но и МВР е вклучено);
- ✓ Притоа, по повод одбележувањето на „18 октомври- Светски ден за борба против трговијата со луѓе„ Министерството за труд и социјална политика подржувајќи ги активностите на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Здруженијата на граѓани по повод беше вклучена во видео материјалите за подигање на јавната свест за превенција од трговија со луѓе;
- ✓ Во октомоври 2023 година одржана е средба со претставници на здружението „Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари“ каде е претставен проектот „Превенцијата и заштита од родово-базирано насилство во Северна Македонија“ со разговор за отворање на првиот Центар на психосоцијална поддршка за жени - жртви на семејно и родово базирано насилство на територијата на Шуто Оризари, „ISI ARKA“;

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

- ✓ За 2023 година извршени се стручни усовршувања со теми поврзани со родова еднаквост на вработени лица од МВР на РСМ од кои 42 жени и 30 мажи. Стручните усовршувања се спроведувани во соработка со различни организатори од земјата и странство;
- ✓ Во наставната програма за основна обука за полицаец, континуирано се инкорпорираат теми кои имаат за цел зголемување на стручноста во постапувањето од родово сензитивен аспект. За таа цел во наставната програма за основна обука за полицаец за 2023 година реализирани се задачи за учење „Родова еднаквост" со 6 часа и „Преземање на мерки и активности во врска со семејно насилство" (обезбедување на родово сензитивни услуги за поддршка на лица кои претрпеле семејно насилство) со 14 часа;
- ✓ Во јуни 2023 година на Генералното Собрание на СЕПКА (Асоцијацијата на шефови на полициски служби на Југоисточна Европа) предложена и прифатена е иницијатива за формирање на мрежа на жени полициски службеници на МВР на РСМ по примерот на Република Српска и нивно менторството во рамки на СЕПКА;
- ✓ Од 24 ноември 2023 година предвидено е започнување на Кампања „16 дена активизам против семејното базирано насилство врз жените„ Тема: Вклучи се, превенирај, одговори и систематизирај СОЈУЗ - национален совет за родова рамноправност.

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**

- ✓ На 12.04.2023 година потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МВР и Сојуз - Национален совет за родова рамноправност (НРСС) и учество на настан отворање на советувалиште на жртви на семејно насилство;
- ✓ На 13.10.2023 потпишана е Декларацијата за соработка и подобрување на положбата на жените и мрежите на жените во полицијата од регионот;
- ✓ Објавени се четири анализи и еден документ за јавни политики:
- Анализа на случаи на трговија со луѓе и деца „Предизвици за ефективно гонење и санкционирање на сторителите„;
- Анализа на трендовите на трговија со луѓе во земјите членки на Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци (MARRI);
- Панел дискусија и презентација на првични согледувања од истражувањето – „Онлајн експлоатација и трговија со деца";
- Анализа од обласста за криумчарење на мигранти во РС Македонија„ (Македонско здружение на млади правници согласно проект на ЕУ „Безбедност на човекот и границите – Борба против криумчарење на мигранти во Западен Балкан „ https://myla.org.mk);
- ✓ Финализиран е Акциски план за имплементирање на препораките на ГРЕТА 2023-2025 од страна на работната група формирана од Националната комисија со

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

поддршка на Канцеларијата на совет на Европа

- ✓ Во подготовка е оперативен план 2023-2025 за борба против трговија со деца

## 3. ПРЕЗЕМЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**

- ✓ Следење на родовата и правичната застапеност
- ✓ Во стратешкиот план на МВР за 2023-2025 година се предвидени следните стратешки приоритети кои се однесуваат на родова еднаквост:
  - Унапредување на законодавството во развојот на родова еднаквост и стратегии за превенција и заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство, вклучувајќи го и семејното насилство
  - Унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите кои ќе се остваруваат преку реализација на приоритетната цел:
    - o имплементација на родова еднаквост и обезбедување еднаков третман и можности;

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

- ✓ Број на спроведени обуки и обучени полициски службеници за стекнато знаење за родова еднаквост;
- ✓ Јакнење на родовата еднаквост преку вклучување на менторска програма за жени;

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)**

- ✓ Статистички податоци на вработени во министерството (родово-разделени);
- ✓ Статистички податоци за спроведени обуки и број на слушатели (родово-разделени);
- ✓ Податоци за спроведени обуки од областа на родови прашања;

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**

/

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

- ✓ 06 март 2023 година, Скопје, Конференција на тема „Униформа, оклоп што значи ранливост - нашата секојдневна борба на два фронта "Активност во рамките на караванот за родова еднаквост во организација на Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;
- ✓ 05-11 март 2023, Тбилиси, Грузија, Конференција на жените во полиција, во

организација на ИЦИТАП;

- ✓ 13-14 септември 2023 година, Скопје, Обука за интеграција родова перспектива во активностите за следење и надзор на НИЧП и телата за внатрешен надзор на институциите од безбедносниот сектор, ОБСЕ ОДИХР;
- ✓ 19-23 март 2023, Вашингтон, САД, Обука за лидерство-еднаквост на жените во полиција, во организација на ИЦИТАП;
- ✓ 30 март 2023 година, Скопје, Конференција на тема „Предизвиците со кои се соочуваат жените и девојките во регионот на патот кон ЕУ" во организација на Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;
- ✓ 03-05 мај 2023, Маврово, Обука за обучувачи за почетна едукација на професионалците за РБН врз жени и семејно насилство, организатор МТСП во соработка со УНФПА;
- ✓ 17.05-19.06 2023, Каиро, Египет, Обука: Улогата на жените како полициска - цивилна компонента во мировните операции, во организација на Амбасада на Египет во Р. Бугарија;
- ✓ 22 мај 2023, Скопје, Состанок во рамки на проектот „Јакнење на капацитетите на кривично - правниот систем за борба против родово базирано насилство во Југоисточна Европа", во организација на ОБСЕ;
- ✓ 30.05-01.06.2023, Скопје, Едукација за професионалци за РБН врз жените и семејно насилство, во организација на МТСП во соработка со УНФПА;
- ✓ 27-30 јуни 2023, Охрид, Работилница: Родови разлики и дилеми во полициското работење, во организација на ОБСЕ;
- ✓ 10-14 јули 2023, онлајн, Сеопфатно истражување за насилството врз жените извршено преку интернет и со помош на технологија во организација на Канцеларијата на UN Women за Европа и Централна Азија;
- ✓ 25.09.2023-02.10.2023 и 27.09.2023-04.10.2023, Скопје, Почетна едукација на професионалците за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство, во организација на МТСП во соработка со УНФПА;
- ✓ 12-14.10.2023 година, Белград, Република Србија, Регионална конференција на тема: „Жените во полицијата и раководството – предизвици и добри практики". Во организација на Министерството за внатрешни работи на Република Србија во организација на Мрежата на полицајки во Министерството за внатрешни работи на Република Србија во соработка со UN Women и Меѓународното биро за наркотици и спроведување на законот на Стејт Департментот;
- ✓ 13 октомври 2023, Скопје, Конференција: Семејно насилство, во организација на Зграда на делегацијата на ЕУ (EUROPE HOUSE);
- ✓ 16-20 октомври 2023, Скопје, Национална специјализирана обука за одговор и полициско работење на родово базирано насилство врз жени и девојки, во организација на ОБСЕ;
- ✓ 19-20 октомври 2023 година, Скопје, Прва работилница за дискусија за наодите од анализата за видот на податоците собрани од институциите во Република Северна Македонија за мерење дискриминација, Здружение за демократски иницијативи и рингли;
- ✓ 13-14 ноември 2023, Скопје, Обука за етиката на информирање на јавноста за родово базирано насилство со фокус на инциденти поврзани со злоупотреба на огнено оружје, во организација на SEESAC;
- ✓ 13-15 ноември 2023, Скопје, Обука: Родово базирано насилство, во организација на УНФПА;

Податоци за стручни усовршувања од областа на трговија со луѓе

- ✓ 05-10 февруари 2023,Будва, Р.Црна Гора, Регионална конференција „Сузбивање на трговија со луѓе" во организација на ИОМ;
- ✓ 27-30 март 2023, Букурешт, Романија , Работен состанок „Адресирање на ризиците, заканите и формите на трговија со луѓе во организација на УНОДЦ;
- ✓ 08-10 јуни 2023, Хаг, Холандија, Годишен состанок на Шефови за недозволена трговија со луѓе и криумчарење мигранти, во организација на SOC AP;
- ✓ 20-23 јуни 2023, Подгорица, Р.Црна Гора, Работен состанок „Осврт на информатичките технологии во контекст трговија на луѓе, деца и сексуална експлотација" во организација на УНОДЦ;

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**

Базата на податоци за човечки ресурси на Министерството за внатрешни работи е родово разделена.

- ✓ Во министерството за 2023 година. процентуално родовата застапеност изнесува 78.98% мажи и 21.02% жени, од кои:
    - униформирани: мажи 52.07%, жени 7.95%;
    - неуниформирани ПС: мажи 18.06%, жени 4.91%;
    - овластени: мажи 7.77%, жени 7.56%;
    - останати: мажи 1.13%, жени 0.59%.
- ✓ Согласно „Принцип на правична застапеност„ на ниво на министерството состојбата за правична застапеност на припадниците на заедниците за 2023г. е следна:
    - Македонци: вкупно 72.73%, од кои мажи 54.89%, жени 17.84%;
    - Албанци: вкупно:22.70%, од кои мажи 20.50%, жени 2.20%;
    - Срби: вкупно 1.42%, од кои мажи 1.08% и жени 0.34%;
    - Турци: вкупно 1.49%, од кои мажи 1.28%, жени 0.21%;
    - Роми: вкупно 0.63%, од кои мажи 0.50%, жени 0.13%;
    - Власи: вкупно 0.27%, од кои мажи 0.14%, жени 0.13%;
    - Останати: вкупно 0.76%, од кои мажи 0.59%, жени 0.17%

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

## 5. ОБВРСКИ

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува. Опишете според:**

**а) Постигнати резултати**

- ✓ Промовирање и унапредување на еднакви можности преку вклучување на родовата перспектива во стратешките документи и правни акти;
- ✓ Подигнување на родовата свест на вработените во Министерството;
- ✓ Е-достапност за активности во врска со родовата еднаквост во Министерството;

**б) Реализирани активности**

- ✓ Во 2023 година објавен е Повик за интерес за работа на полициски службеници во САЕ-Тигар и Единицата за брзо распоредување на кој се пријавени полициски службеници од женски пол.
- ✓ Со оваа активност се потврдува континуирано имплементирање на родовиот концепт во Одделот за специјални полициски операции, преку примена на правни прописи за проверка на физичката подготвеност на полициските службеници во САЕ-Тигар и Единицата за брзо распоредување кои се родово сензитивни.

**в) Индикатори за мерење успешност**

- ✓ број на спроведени обуки;
- ✓ родово-разделени податоци за слушатели на обука;

**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства**

- ✓ од Буџетот на Министерството за внатрешни работи;
- ✓ врз основа на меѓусебни договори за соработка;
- ✓ донации од меѓународни партнери.

**5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**

- ✓ Во актот за систематизација на работните места во МВР, надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот не се конкретно утврдени.

**5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?Дали тие во обуките се јавиле како:**

**а) слушатели:**

- ✓ 06.03.2023 година, Скопје, Конференција на тема „Униформа, оклоп што значи ранливост - нашата секојдневна борба на два фронта "Активност во рамките на караванот за родова еднаквост во организација на Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;
- ✓ 30.03.2023 година, Скопје, Конференција на тема „Предизвиците со кои се соочуваат жените и девојките во регионот на патот кон ЕУ" во организација на Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;
- ✓ 13-14.09.2023 година, Скопје, Обука за интеграција родова перспектива во активностите за следење и надзор на НИЧП и телата за внатрешен надзор на институциите од безбедносниот сектор, ОБСЕ, ОДИХР
- ✓ 12-14.10.2023 година, Белград, Република Србија, Регионална конференција на тема: „Жените во полицијата и раководството – предизвици и добри практики". Во организација на Министерството за внатрешни работи на Република Србија во организација на Мрежата на полицајки во Министерството за внатрешни работи на

| |
|---|
| Република Србија во соработка со UN Women и Меѓународното биро за наркотици и спроведување на законот на Стејт Департментот;<br>✓ 19-20.10.2023 година, Скопје, Прва работилница за дискусија за наодите од анализата за видот на податоците собрани од институциите во Република Северна Македонија за мерење дискриминација, Здружение за демократски иницијативи и рингли;<br><br>б) обучувачи |
| **5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:**<br>**а) координатор за еднакви можности**<br>**б) заменик координатор за еднакви можности** |
| **5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашето ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br>✓ По завршување на секој вид на стручно усовршување, учесникот задолжително поднесува службена белешка во која се наведува кратка содржина од усовршувањето, стекнатите знаења, како и препораки и сугестии. Службената белешка се доставува до сите релевантни организациски единици и раководители. |
| **5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?**<br>/ |
| **5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни?**<br>/ |

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

| |
|---|
| **6.1 Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале**<br>✓ Во однос на предизвиците би сакале да посочиме дека за одреден дел од активностите кои се однесуваат на родовиот концепт координаторот и заменик координаторот не се информирани;<br>✓ Во повеќе наврати задачите од МТСП, се делегирани директно до координаторот и заменик координаторот по електронски пат, а за истото не се запознаени раководителите во институцијата и за таа цел предлагаме сите барања да се доставуваат до Кабинетот на Министерот и оттаму да се делегираат за одговор; |
| **6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса**<br>/ |
| **6.3. Наведете примери за научени лекции**<br>/ |

## 7. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**7.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

- ✓ Зајакнување на капацитети на професионални структури во институции за постапување во случаи на насилство врз жени;
- ✓ Зајакнување на институционалните механизми и градење на капацитети за вклучување на родова перспектива во креирање на програми и политики и соодветни буџети;
- ✓ Зајакнување на капацитетите на координативните структури заради ефикасно и ефективно работење;
- ✓ Зајакнување на капацитети и можности на надлежни институции за навремено и ефикасно откривање и идентификација на потенцијална жртва на трговија со луѓе и жртва на трговија со луѓе;
- ✓ Обезбедување на заштита и помош на идентификуваната потенцијална жртва на трговија со луѓе или жртва на трговија со луѓе или ранливи категории мигранти под висок ризик од трговија со луѓе, како и баратели на азил под ризик од трговија;

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ - МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

- ✓ Систематизирање на конкретно работно место "координатор за еднакви можности" чии работни задачи ќе се однесуваат исклучиво на промовирање на родовиот концепт во МВР на РСМ;
- ✓ Промена на образецот за Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за мажите и жените (потребно е да е поедноставен и по прегледен);

**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**

/